# Аналитички поглед кон Законот за семејството

21 август 2012

Идејата за овој „Аналитички поглед кон Законот за семејство“ е кратка анализа на неговата содржина и, од социолошки аспект, суштинско влијание во семејството со неговата законодавна правна моќ, како дел од иницијативата „Како до здраво и квалитетно пост-разводно родителство“.

Се откажавме од детална анализа на состојбите поради преголема душевна болка и скрб што ги почувствувавме додека го разгледувавме. Ги презентираме само нашите првични видувања.

Законот главно провејува со декоративни одредби и јавни овластувања за институциите, нема речиси ништо суштинско за благосостојбата на семејствата. Нема никакви морални вредности за бракот и семејството како институција. Завршува со Член 290.

Некои членови се паднати на уставен суд, некои се избришани или поништени со друг закон, а додаваните се означени со буква после членот. Има 12 посебни членови за семејно насилство, истото провејува низ целиот закон и 70 члена за спорови и судови, а нема ниту една одредба за љубовта. Има околу 50 членови за посвојување, а ниту еден член за воспитување. Има 70 членови за старателство, 23 члена за материјална издршка, имало 18, сега 3 члена за имотни односи, а ниту еден член за духовна храна, душевни задоволства и конкретна психичка заштита на децата ниту нешто конкретно за пост-разводно родителство. Речиси нема казнени одредби освен за член 94-г. Нема предвидено подзаконски акти за послеразводно родителство.

Едни исти работи се повторуваат неколку пати со слични или малку различни формулации кои можат да доведат до конфузија и има преклопување на ингеренциите како на пример во членовите 78 и 80 каде и центарот и судот имаат право да доделат дете на чување.

Законот за семејство во себе ги содржи следниве термини: издржување/издршка, членувани или не, се сретнуваат 103 пати, постапка/та 96 пати, терминот насилство се сретнува 38 пати, заштита 55, извршување 42, развод 46, оспорува 39, спор/ови 38, мерка 22, жалба/и 11, забрани 6 пати, ограничи/ограничување 6, а казна, прекршок и глоба заедно се споменуваат 11 пати. Честото повторување на овие зборови доведува до нивна актуелизација во реалноста и предизвикуваат семејни трагедии.

Попусто се спомнува терминот брак 162 пати кога според членот 2, маж и жена во брак воопшто не се семејство[1] и законот не споменува речиси ништо од природата за бракот. Бадијала го крстиле законот „за семејство“ и тој збор се споменува 75 пати, кога сите одредби во него главно се однесуваат за институциите. Опфатен е само физичкиот опстанок, како да човекот нема чувства, емоции и душа (психа), поради што во земјава расте бројот на разводи, не се знае бројот на несреќни законски бракови кои живеат во емоционален развод и предизвикуваат проблеми на децата, семејството и општеството. Не се ни naѕира модел на современо семејство, туку го враќа живеењето во праисторијата и родовските заедници. Никако не е прилагоден на постмодернизмот, условите во кои живееме, уште помалку на она кое допрва доаѓа.

Во законот ги нема одредбите од конвенцијата за правата на детето, а се однесуваат на семејството. Нема поглавија „детски права“ и „надзор на детските права“, затоа родителското право врз децата се повторува неколку пати.

Забележливо е дека зборовите: љубов, чувства, емоции не се спомнуваат. Не се спомнуваат ни зборовите: душа, душа човекова, психа, психички развој, ментални односи. Ги нема и човечност, човечки односи, хуман, хуманост. Не ги сретнавме ниту зборовите среќа, радост, весел и весело детство. Не се спомнати ни емоционалните потреби на човекот и ниту почитта кон емоционалните потреби, како кон децата така и кон брачните другари. Ако дома нема „насмевка“ и „шега“, тогаш каде. Исто така не се спомнуваат зборовите: секс, сексуални односи, сексуално воспитување и сексуално задоволство. Солидарност, солидаризирање, срдечност, мир, спокој, сакање, милување, галење, гушкање, бакнување, комуникација се исто така изоставени како да не се потребни. Задоволување на потребите (на душата) и духовните задоволства како да не се дел од животов, а каде би го направил тоа човекот ако не во домот и семејството. Го нема зборот пријател, како да нема пријателство во семејството. Зборови, како инстинкт, интуиција, претчувство, осет, усет, сензација кои укажуваат дека човекот сепак е жив и има душа се изоставени. Волјата на детето се спомнува само во член 95 но со недоволно дадено значење. Доверба како да не е потребна, затоа текстописецот не ја ни спомнал,

[1] Според Goldner-Vukov, 1988, првата фаза од основањето ја нема и семејството воопшто не е зачнато, па следат недоразбирања, проблеми и разводи. (Батиќ стр. 15)

неверството не е опфатено, како да е небитно. Семејна атмосфера, семејно окружување, свест, свесност, фантазии, идеја, заеднички планови (проекции), внатрешна содржина и ментална позадина како да не влијаат во животот на човекот и семејството. Нема термини: толеранција, функционален или дисфункционален брак и семејство.

Законот не признава дека човекот има (душевен) орган нарачен „психа“ и не предвидува мерки за нега и заштита на психата.

Забележливо е дека, детето никој ништо не го прашува односно не го почитува. Ова е погубно за детето, а со тоа и за општеството. Дадено им е право на родителите (старателите и институциите) да одлучуваат за животот на детето, освен во член 79 став 2 каде одредбата вели „Центарот го информира детето и ги зема предвид неговите ставови и мислења во зависност од возраста и степен на развиток и го известува за можните последици од одлуките (со други зборови има простор за манипулација од страна на возрасните и закана по детето ако не е послушно)“.

Законот им дава право на центрите, на дете да му ограничи видување со родител без реален основ, само со цел да го казни родителот. Член 76, 78 и 79 кога се издава Решението и член 87 став 2 и 3. **НИКОЈ НЕМА ТАКВО ПРАВО!!! Ова е разорно. Освен суд кога е во најдобар интерес на детето.** Кој е смислолот, за неразбрани возрасни, детето да биде казнувано со разделување од Родител.

Очигледно е дека детето <u>нема</u> со закон загарантирани права во семејството. Итно во Законот да се стават нови поглавја „Детското право“, „Надзор на вршењето на детското право“ каде би се транспонирале елементи од Конвенцијата за правата на детето и други одредби што ќе ги штитат граѓанските права на детето, внатре во семејството. Да се направи така, низ целиот текст на законот да провејува дека детето во семејството е субјект и ги ужива истите права како и родителите, старателите и возрасните, и слободата на самоопределба.

Кога се правел законот за семејство никој не ги консултирал децата и никој не ги застапувал нивните интереси. Туку возрасните си ги застапувале сопствените интереси за сметка на децата. Што е најстрашно, никој не зел предвид дека идното дете сака да се роди од љубов и да живее во љубов.

Возрасните по природа имаат голема надмоќ над децата, и со законот наместо да ги заштитат децата, тие си се заштитиле себеси. Овој дисбаланс предизвикува неподнослива, а невидлива, пасивна односно тивка агресија врз децата. Напнатоста од неподносливата атмосфера дома децата ја празнат со отворена агресија во училиштата или со ретрофлексија која се манифестира со болести или самодеструктивни акти.

Одредбите од меѓународните конвенции се пресликани сувопарно, без содржина и без конкретни мерки. Главно е напишано „републиката обезбедува ...“, и не опишува кој и како тоа го прави.

Клучните одредби за правата на детето не се опфатени. „Родителското право е супсидијарно во однос на правата на детето“. Тоа значи кога се во прашање релации родител-дете, преовладуваат одредбите за правата на детето. Член 9 од Конвенцијата јасно укажува дека лични односи и непосредни контакти со одвоениот родител му се загарантирани на детето на **постојана основа, никој нема право да го одвои детето од родител против негова волја и само суд може да го ограничи видувањето кога тоа е во најдобар интерес на детето.** Овие, како и други одредби што се во интерес на детето не се ставени во законот или не се транспонирано дословно.

Законот не дозволува, судот да додели **еднакво пост-разводно родителство** кога детето тоа го сака, ни кога родителите така ќе се договорат, ниту кога тоа е во најдобар интерес за детето. Кој ли го одзел тоа право?

Има услови за родители на кого детето ќе го дадат на посвојување, нема услови на кого ќе го дадат после развод.

Речиси нема ништо за воспитувањето на децата. Оние членови кои се однесуваат на убавините на животот, семејството, бракот и децата, повеќето се само декоративни и без ефект во реалноста. Зборот воспитание, воспитување се повторува 44 пати ама напразно. Нема конкретна реченица во стил: „Деца најдобро се воспитуваат невербално и со постојани лични и сопствени примери и поведение“. „Толеранција во бракот и семејството е правило, а не исклучок.“

Не е предвидена заштита од склучување брак и раѓање деца само од материјален или статусен интерес, ниту од други врсти на измама. Нема одредби кои би буделе свесност кај идните сопружници дека деца се раѓаат од љубов, а не со идеја. Не е предвидена менталната и душевната зрелост за брак и деца, ниту се предвидени мерки за, каква таква, заштита на децата од ова. Нема ни заштита од мешање во бракот од страна на родителите на брачните другари, што е најголемата причина за разводите. Укинато е предбрачното советување, не е предвиден предбрачен договор, не е предвидена делотворна медијација. Нема предвидено никаква психолошка помош во случај на развод. Бременоста, тој и по тој период не се спомнати, како да не се чувствителни. Нема ништо за абортус во бракот.

Според овој закон, децата во семејството речиси немаат права. Сè е оставено на милоста на возрасните, родителите и центрите. Децата немаат право на своја одлука, ниту родителот е должен да му даде поддршка на таа негова одлука. Родителот не е овластен и да не му даде поддршка ако таа негова одлука видливо е патолошка или е против законска. Нема таков збор „поддршка“.

Детето има своја волја, и кога се работи за неговиот живот сите се должни сериозно да ја земат предвид и почитуваат, особено по прашање на љубовта и емоционалните потреби. Секогаш кога е можно и да постапат така. Како е сега во законот, детето не се смета за субјект туку за објект (предмет).

Нема критериуми по кои треба да работат центрите и судовите. Дадено им е дискреционо право со неограничено овластување и моќ, паушално да одлучуваат за туѓи животи, по сопствено убедување. Впрочем Министерството за труд и социјална политика само си го изготвува законот. Центарот не дозволува увид во сопственото досие ниту ти дава копии и список од документите. Така не можеш да се браниш пред центарот, а судот, според законот, одлучува како ќе каже центарот. Второстепеното одлучување е во истото министерство. Кадија те тужи, кадија ти суди.

Стекнавме дојам дека законот е направен како да бракот е поле за бизнис, семејството за лукави профитери, а децата за манипулација, маска и жив штит, во најдобар случај продукт или производ од бизнисот. Кој ли го подготвуваше текстот?! Членот 2, од законодавен аспект, е генераторот на сите разводи и семејни трагедии, а бидејќи е ставен во Општите одредби, по тоа начело се поведува целиот закон.

Сето ова ни укажува дека надлежниот оддел за семејство во најдобар случај немал визија што прави и што ќе предизвика, и повеќе YU закони ги споил во еден само заради лична промоција и кариера, без чувство на одговорност што ќе предизвика во општеството. Впрочем на еден состанок така и се изјасниија. Не ја исклучуваме можноста дека некој точно знаел што ќе предизвика еден ваков закон, но премолчел од некакви причини. Има и елементи да се препознае дека текстописецот личните проблеми во бракот и семејството ги проектирал во самите одредби. Се бранат со зборовите дека развод било тренд и секој е одговорен за себе и своето семејство. Но ние сметаме дека законот, како е направен, ги ослободува институциите од одговорност, не ги штити чесните луѓе од измамници и без правила судбината ти зависи од туѓа милост и волја. Законописецот како да заборавил на народната изрека „подобро да спречуваш отколку да лекуваш“. Речиси нема проактивни мерки за спречување на семејни трагедии и насилство, туку само реактивни односно надлежните реагираат отпосле штом се случи, кога е прекасно. Не земаат предвид дека со репресивни мерки нема да направат благосостојба, може само привиден мир, а немир во душата, кој понатаму ќе избувне само што не се знае кога и во каква форма. Бесмислено е министерствата за образование, правда и социјала да чекаат министерството за внатрешни работи да ги среди насилствата помеѓу младите, кога сите знаеме дека

проблемите потекнуваат од семејството. Експертите знаат, кога се емоции во прашање, не помага никаков репресивен закон, баш напротив, употребата на сила само ја влошува состојбата.

Законот не предвидува поддршка на семејства со душевно болен или психопат, ниту социјална интеграција или заштита на таквите, ни поддршка или заштита на другите што имаат таков во семејството. Како такви да не постојат. Неодложно е да се заштитат децата и други во семејството од психопатски црти и такви постапки на поединецот. Досега ниту еден родител не одговарал за зборовите „ќе те убијам, ќе те (у)тепам, коските ќе ти ги скршам...“ - кривично дело по членот 144 (Загрозување на сигурноста) каде се вели: „Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело ...“, ниту некој од дома одговарал по членот 139 (Присилба), каде се вели: „Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто ...“. Заканите во очите на децата изгледаат десет до сто пати пострашно отколку кај возрасните и до кога институциите ќе се однесуваат како да тоа не е така.

Постојано се присутни душегрижнички изјави и експлицитни пароли за благосостојба на бракот и семејството кои имплицитно само ја влошуваат состојбата, а конкретни мерки и резултати досега нема. Честата употреба на зборот „насилство“ само го стимулира неговото присуство, актуелизација, афирмација и развој, без разлика што пред него како префикс стои „заштита од“.

Дисфункционалните, растурените и семејствата под ризик се метата на трговците со луѓе, дрога и пороци. Бараме надлежните да преземат нешто за благосостојба во семејството, меѓу другото, да се намали криминалот и насилствата со подобра социјална политика.

Нашиот краток коментар е дека Законот за семејството е „бездушен и хаотичен“, па такви ги (на)прави и семејствата. Се однесува на сè друго само не на благосостојбата на семејството, бракот, детството, ниту животов. Ако некој закон би требало да има душа, тоа е овој, и треба да биде изготвен од граѓаните, а не од бездушните правници. Се разбира, правните служби ќе му дадат правна форма.

Бараме во законот да се намали бројот на грдите, неубави, непожелни или непријатни зборови и да се зголеми бројот на убавите зборови, како што би требало да биде во семејството. Да се воведат морални вредности, кои што со текот на времето би станале дел од нашата култура. Сметаме дека, законодавецот во овој случај би требало да отстапи од законодавниот кодекс само работите да тргнат на поарно и да користи зборови кои не се типични за правото но се типични за природата на човекот како: замисла, очекување, разочарување, прифаќање, субјективност, предрасуди,

заблуди, суета, верувања, молитва, благослов, желби, потреби, перцепција, ментално, емоционално, чувства, препуштање, пресретливост, срдечност... макар во подзаконските акти. Дури може да се искористи некој стручен термин како алтер его, ментални механизми, свесност за внатрешните процеси ..., што би укажувале на човековата природа, и би допринеле за меѓусебно и разбирање на самите себе.

Предлагаме законот за семејство прво да се подели на Закон за здраво семејно живеење каде ќе преовладуваат одредби за квалитетот на животот и/или посебен Закон за заштита од семејно насилство или уште подобро, да се вика Закон за заштита од семејни дисфункции. Игнорирањето, одбивањето. немањето (квалитетна) комуникација, вкрстените трансакции и вертикални односи дома го уништуваат ткивото на семејството и создаваат дисфункционални и/или несоцијализирани личности. Крајно време е, со социјални реформи, да се (под)заштитат децата во домот и од \`нематеријални\` штети што ги предизвикуваат најдобрите намери на клучните воспитувачи и луѓе наречени „сезнајковци“.

Потребна е богата регулатива како да работат социјалните установи, подзаконски акти и/или посебни закони за правата на детето, посвојување и сл. Има мноштво од конвенции кои чекаат да се транспонираат и заблуди кои треба да се освестат. Крајно време е психологијата да го заземе своето место во општеството, како неразделив дел од животот на човекот.

Јавните овластувања да бидат опфатени со други закони и институциите непотребно да не навлегуваат во приватноста на семејството ниту во овој закон.

Претседател
Влатко Поповски

21.08.2012